РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 16-116/5
15.01. 2020 год.
ГЕВГЕЛИЈА

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТАТА НА ОВЛАСТЕНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Законот за животна средина (Службен Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 39/16.) ги уредува правата и должностите на Република Македонија, на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот; на областите на животната средина, на биолошката разновидност и други природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина - посебни закони.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку преземање мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетните влијанија утврдени со овој и посебните закони:

- Законот за животна средина ( Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 39/16,)
- Закон за управување со отпад (Службен Весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11,123/12, 147/13, 163/13, 156/15, 63/16),
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен Весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13),
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен Весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 163/13, 47/11, 100/12, 163/13),
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување (Службен Весник на РМ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 06/12, 163/13),
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен Весник на РМ бр. 06/12, 163/13),
- Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (Службен Весник на РМ бр. 140/10, 47/11, 148/11, 163/13).
- Закон за води (Службен Весник на РМ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 52/16)

Сите мерки, стандарди и цели на животната средина, утврдени со овие закони и прописите донесени врз основа на нив, се применуваат како минимални барања.

Доколку со одредбите од овој или друг закон и прописите донесени врз основа на нив се одредени мерки, стандарди и цели

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Бр ____
____ 20__ год.
ГЕВГЕЛИЈА

за заштита и унапредување на животната средина, се применуваат мерките, стандардите и целите кои обезбедуваат највисок степен на заштита и унапредување на животната средина.

## ПЛАНИРАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

При изготвување на содржината за планот за работа на овластениот инспектор за животна средина за 2020 година се појде пред се од новиот Закон за инспекциски надзор кој стапи на снага од 01.12.2019 година и од надлежностите и организацијата на општина Гевгелија. Истиот е изработен и доставен до градоначалникот на општината на одобрување. При изготвување на планот во предвид се земени сите релевантни аспекти како што се: генералниот пристап, надградување на информациите, категориите на инспекцискиот надзор и фреквенциите на инспекциите.

Пред извршување на инспекциските надзори, потребно е повеќе вложување на напор при планирањето отколку за време на инспекцискиот надзор.

Инспекцијата се врши на лице место и таа вклучува:

- припрема за посета на лице место,
- посета на лице место,
- изготвување на записник за извршен инспекциски надзор,
- донесување на Решение,
- продолжување на понатамошната постапка

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОВЛАСТЕНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Во вршење на надзорот од својот делокруг овластениот инспектор за животна средина согласно со одредбите на Законот за животна средина и законите што произлегуваат од него, инспекторирањето го врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден ( сознание, пријава)

**Редовен инспекциски надзор** ќе се врши над примена на одредбите од законите од областа на животната средина, се со цел на:

- навремено, економично и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- постапувањето во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со